**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-186/9**

**Скопје, 20.06.2007 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – средства од Буџетот на РМ, за 2006 година, кои се прикажани на страните од 17 до 19.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – средства од Буџетот на РМ за 2004 година за кој е дадено негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Садула Дураки, министер од 17.12.2004 година до 26.08.2006 година
   - Ацо Спасеноски, министер од 26.08.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 16 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод во периодот од 01.03.2007 до 18.05.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 08.06.2007 година со писмо број 1104-186/8 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатитирано следното:

    - Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство по презентираните наоди во точките 10.1.1; 10.1.2; 10.2.1; 10.3.1; 10.3.2; 10.3.3; 10.3.4; 10.3.6; 10.3.7; 10.3.8; и 10.4.1; целосно се согласува, со известување дека постапува по препораките на ревизијата и превзема мерки за отстранување на неправилностите.
    - Забелешките во точките 10.3.5; 10.5.1; 10.5.2; 10.5.3; и 10.5.4; не се прифаќаат поради тоа што министерството не достави нови докази кои се во согласност со законските прописи и кои можат да ги оспорат наодите.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Со увидот во процесот на реализација на финансиската подршка од Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството и системот на интерни контроли, ревизијата ги констатира следните слабости:

- Не постои единствена стандардизирана контролна процедура за сите подрачни единици со која со сигурност ќе се потврди дека сите пријавени апликации за финансиска подршка од Програмата влегле во процесот на ист начин и според исти критериуми. Поради ова се појавува можност списоците за исплата да содржат неточни податоци.

- Министерството никогаш нема извршено проверка на комплетноста на доставената документација од апликантите, бидејќи целокупната документација за физичките лица се чува во подрачните единици.

- Во министерството постои повратна информација за извршените исплати (извод од банката), но истите не се споредуваат навремено со списоците за исплата од сметководство, нема информација дали сите индивидуални земјоделски производители ги примиле финансиските средства и нема утврдено процедура за постапка која би се превземала во овој случај. Усоглсување се врши само во случаи кога лицата кај кои се појавила грешка реагираат до министерството.

Процесот на реализација на финансиската подршка во услови на невоспоставен систем на интерни контроли создава простор

финансиската подршка да ја добијат правни и физички лица кои не ги исполнуваат условите согласно Упатството на министерството што има за ефект ненеменски и незаконски исплатени средства.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството да воведе систем кој ќе овозможи влезот на податоците да биде во електронска форма и да осигура нивна заштита во подрачните единици со формирање на електронска база на податоци и целосна автоматизација на :
   - евидентирањето на апликациите во подрачните единици;
   - сите пресметки во министерството (површини по одредени култури, број на сточен фонд, кредити, одредување на висина на поддршки итн.);
   - доставените податоци за исплата до банката и
   - исплатата на средствата на крајните корисници преку банката (усогласување со изводи).

   Со ова би се овозможила солидна база која ќе ја користи Државниот инспекторат за идентификување на ризични подрачја.

2. Внесувањето на податоците и пристапот до податоците во апликациите, треба да биде достапен само на овластени лица, за да се спречи неовластено менување и користење на податоците.

11.1.2. Со увид во Програмата за здравствена зашита на животните за 2006 година кај Ветеринатрната управа ревизијата ги утврди следните процеси:

Со увидот во начинот на реализација на Програмата за здравствена зашита на животните за 2006 година кај Ветеринарната управа ревизијата изврши тестови на усогласеност на интерните контроли кај следните процеси:

*Процес на вакцинација и третирање на животните од страна на Ветеринарните друштва.*

При оценка на интерните контроли кај процесот на вакцинирање и третирање кај животните ревизијата утврди ризик од доставување на неверодостојна документација за плаќање (фактури и списоци) до министерството за извршените услуги од страна на Ветеринарните друштва кои не се соодветно покриени со контроли од страна на ветеринарните инспектори на Управата. Ветеринарната управа не постапила по дадените препораки во ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија од 2004 година за зајакнување на системите на интерни контроли кај овој процес со што не е овозможена соодветна континуирана контрола на извршените услуги од страна на ветеринарните станици на кои во годината која е предмет на ревизија 2006 е исплатено 175,337 илјади денари.
Со дополнителни ревизорски постапки и увидот во неколку подрачни единици низ Републиката, ревизијата констатира дека Ветеринарната инспекција не е доволно екипирана со ветеринарни инспектори и компјутерска опрема. Ветеринарните инспектори вршат административна контрола на фактурите за извршените третирања на животните за што изготвуваат записници но не се во можност да воспостават систем на суштинска контрола на големиот број на активности кои се прават на терен со што би ја потврдиле веродостојноста на истите. Ваквото работење создава услови за можни нерегуларности и измами при прикажувањето на бројот на третирани животни во фактурите кои се доставуваат до министерството за исплата. Контролата е отежната и поради нефункционирањето на Националниот епизоотиолошки информативен систем (НАИС) во 2006 година.

*Процес на надомест на штета за еутаназија или колење кај заболени животни*

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на еутаназија или колење кај заболените животни од бруцелоза, ревизијата го констатира ризикот од нејзиното постојано ширење и ризикот од можни измами при формирањето на цените за надомест на штета кај сопствениците.
Со програмата за здравствена заштита на животните за 2006 година во делот кој се однесува на надомест на штета на сопствениците за заклани или убиени заболени животни од бруцелоза, со пренамена на средства од други позиции на Програмата исплатени се средства во вкупен износ од 48,542 илјади денари што е повеќе за 25% во однос на 2005 година. Причината за големиот број на заболени животни и ширењето на бруцелозата кај животните во РМ е поради недонесената повеќегодишна Програма за сузбивање и искоренување на оваа болест од страна на Владата на РМ спротивно на член 17 од Законот за ветеринарно здравство како и неправилното спроведување на мерките предвидени со Годишната наредба. Ревизијата констатира дека одделението за здравствена заштита на животните не располага со електронска база на податоци која би овозможила добивање на прецизно обработени податоци за бројот и видот на уништените или заклани животни. Најголемиот дел од средствата кои се исплаќаат за надомест на штета за заболени животни од бруцелоза се јавува кај малите преживари - овците кај кои не е воспоставен систем на идентификација и регистрација со што се создаваат услови и можност поради непостојаност на привремената ушна маркица, заболеното животното да се замени со здраво и обратно, а со тоа да се зголеми ризикот од ширење на болеста.
Ревизијата констатира дека надоместокот на штета што ја добиваат сопствениците за убиено или заклано заболено животно е нивната пазарна цена, (согласно Законот за ветринарното здравство), која ја формира комисија назначена од Директорот на Ветеринарната управа. Ваквиот начин на формирање на цените без прецизирани критериуми и донесени акти, води до големи разлики во цените кај различни подрачја низ Републиката и има за последица нетранспарентност и субјективизам при нивното формирање, можност за злоупотреба и нееднаков третман на сопствениците.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Ветеринарната управа, преку кадровско зајакнување со ветеринарни инспектори и воведување компјутерска обработка, да го зајакнат системот на интерните контроли со цел да се намали ризикот од можните нерегуларности од страна на Ветеринарните станици.
2. Да се донесе повеќегодишна Програма за сузбивање и искоренување на бруцелозата.
3. Да се превземат конкретни мерки за побрзо воведување на систем за идентификација и регистрација на животните со што ќе се создадат услови за решавање на проблемите во утврдувањето на точниот број на малите преживари за кои министерството одвојува голем процент од неговиот буџет.
4. Да се донесе интерен акт со кој прецизно ќе се утврдат критериумите за формирање на цената на животните за кои државата треба да исплати надоместок на штета.

Утврдените состојби како резултат на непостење систем на интерни контроли во процесите на реализација на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието и Програмата за здравствена заштита на животните имаат негативен одраз на реалноста и објективноста на позициите во финансиските извештаи за 2006 година.

## 11.2. Системски слабости

11.2.1. Ревизијата констатира дека слабостите утврдени со ревизорскиот извештај од 2004 година, а во врска со реализацијата на Програмата за поттикнување на развојот на замјоделството која во 2006 година изнесува 1.019.625 илјади денари не се променети, ниту министерството има превземено мерки за надминување на состојбите кои создаваат низа неправилности во работењето, а се однесуваат на следното:

- Министерството не располага со податоци за вкупната површина на земјоделското земјиште, поради невоспоставен целосен катастар на земјоделско земјиште по парцели, култури и сопственост, ниту располага со податоци за вкупните засеани површини со земјоделски култури по одделни региони во државата;
- Со Програмата не се предвидени средства за идентификација и утрдување на точниот бројот на малите преживари (овци и кози) што создава услови за манипулации со бројот на истите за кои се дава финансиска подршка од државата;
- Условите за финансиска подршка на индивидуалните земјоделски производители се уредени со интерен акт на министерството (упатство) кое овозможува примена на пошироки критериуми за стекнување субвенции, без да се води сметка за реално засеаните површини. При вакви услови секој сопственик на земјоделско земјиште или закупец, може да добие финансиска подршка за било која мерка утврдена со оваа Програма;
- Државниот инспекторат за земјоделство со 23 вработени, нема кадровски потенцијал да изврши контрола над спроведувањето на законите и другите прописи на министерството, посебно во делот на субвенциите и трансферите кои учествуваат со 63% во вкупниот буџет на министерството. Ревизијата утврди голема ризичност во доделувањето средства на индивидуални производители на кои се исплатени 70% од вкупните субвенции преку Програмата за потикнување на развојот на земјоделството, поради неизграден систем на контрола, непостоење на база на податоци, ниту пропишани ИТ-процедури за нивна заштита;
- Министерството нема стратегија за развој на земјоделството, долгорочно планирање врз база на претходно истражување на потребите и можностите за унапредување и развој на земјоделието, ниту критериуми за распределба на средствата за реализација на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2006 година. Основен и единствен критериум е бројот на поднесени барања и одобрените средства од Буџетот на РМ, од што зависи висината на финансиската подршка по хектар/грло.
- Динамиката на реализацијата на средствата по Програмата не е континуирана во текот на целата годината туку 48% или 484.757 илјади денари се исплатени на 28.12.2006 година. Од овие средства 70% се однесуваат на физички лица, индивдуални производители кои не се инспектирани од страна на државниот инспекторат, што може да има за последица ненаменски расходи за лица кои не ги исполнуваат условите за добивање на финансиска подршка.

Ваквиот начин на распределба на средствата има за ефект често менување на Програмата, воведување на нови мерки (субвенции за земјоделски култури) во текот на годината, не како резултат на утврдена земјоделска политика, туку за решавање на социјалниот мир во земјата.

Менувањето на Програмата во текот на годината со дополнување на задоцнети мерки, овозможува стихијно поттикнување на правото за стимулација и создава услови за неквалитетна обработка на податоци и одложување на реализацијата на веќе донесената Програма. Оваа пракса во управувањето со средства создава несигурност кај земјоделските производители при планирањето на производството во идната реколта или во планирањето на зголемување грла добиток, што негативно се одразува на долгорочната политика за развој на земјодеството и сточарството во Република Македонија.

**Препораки и мерки**:

1. Надлежните органи на Република Македонија да превземат соодветни мерки за воведување целосен катастар на земјоделско земјиште, по парцели, култури и сопственост, заради точно утврдување на земјоделското земјиште со кое располага државата, локалната самоуправа и индивидуалните земјоделци;
2. Ветеринарната управа при министерството да предвиди средства во Програмата, за идентификација и регистрација на малите преживари (овците и козите) заради обезбедување увид во расположивиот сточен фонд на државата и решавање на севкупните проблеми со кои се соочува;
3. Финансиската подршка согласно Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството да се одобрува само на регистрирани земјоделци, како основен критериум во распределбата на средствата со што би се надминале нерегуларностите во оваа област и би се елиминирале неосновани барања за финансиска подршка, кои ја намалуваат висината на субвенцијата по хектар/грло и дестимулативно влијаат кај правите земјоделци;
4. Да се подобри кадровската екипираност на Државниот инспекторат за земјоделие со цел зголемување на опфатот на контролите, посебно во индивидуалниот сектор;
5. Владата на Република Македонија да донесе системски закон за земјоделие, а министерството да подготви долгорочна стратегија за развој на земјоделието имајки ги предвид сите расположиви ресурси и потреби на државата;
6. Програмата за потикнување на развојот на земјоделството да се носи во претходната за наредната година со цел нејзино континуирано следење и реализирање.

## 11.3. Неправилна примена на акти

11.3.1. Министерството, во јуни 2006 година, без да обезбеди дополнителни средства од Буџетот на РМ, извршило дополнување на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството со воведување на тутунот, како нова мерка, со што ја зголемило вредноста на Програмата за 200.000 илјади денари. За реализација на оваа мерка, за која до крајот на годината се исплатени 342.432 илјади денари, министерството извршило пренамена пренасочувајќи ги средствата од другите мерки (субвенции за пченката, јачменот, говедата и овците) на новата мерка - тутунот. Ревизијата констатира дека менувањето на Програмата создава услови за неквалитетна обработка на податоците потребни за реализација на новата

мерка, злоупотреби во нејзината реализација и целосно пролонгирање на реализацијата на основната Програма.

Ревизијата има обврска да обелодени дека министерството откупот на тутунот во 2006 година го реализирло преку осум претпријатија, откупувачи на тутун, меѓу кои е и АД Тутунски комбинат Прилеп иако не ги исполнува условите за откуп согласно Законот за тутун и тутунски производи, односно има негативен бонитет и неисплатени обврски за откупени количини тутун. Исто така не постои координираност и усогласеност помеѓу подрачните единици на министерството со АД Тутунски комбинат - Прилеп, во издавањето на картони на тутунопроизводителите, како услов за потпишување на договори и можноста на комбинатот да ги исплати обврските по договорите и да го пласира откупениот тутунот.

АД ТК – Прилеп и покрај тоа што не ги исполнува условите за откуп на тутун потпишал договори и створил нови обврски во износ од 434.000 илјади денари, од кои 183.526 илјади денари се исплатени на тутуно-производителите преку ЈП Агро-берза Скопје. Ова Јавно претпријатие средствата за исплата, за сметка на Тутунски комбинат - Прилеп, ги обезбедило како позајмица од ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и ЈП Службен весник на Република Македонија, а врз основа на Одлука на Владата на РМ, од 30 јануари 2007 година. Причините за ваквите состојби произлегуваат од лошата финансиска состојба на комбинатот и од непостоење на земјоделска политика за развој на тутунското производство во производните региони како и неутврдени сорти на квалитетен тутун кој може да се произведува и да се пласира во државата и пошироко.

11.3.2. Врз основа на увидот во процесот на стопанисување со државно земјоделско земјиште, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Министерството не води јавна книга за евиденција на недвижности согласно Законот за земјоделско земјиште во која ќе ги евидентира сите договори за долгорочен закуп, што има за ефект немање увид во вкупното земјоделско земјиште во сопственост на државата и дадено под закуп согласно Законот за земјоделско земјиште. Причина за ваквата состојба е непостоење координираност и усогласување на целокупната документација помеѓу комисијата за распределба на земјоделско земјиште, одделението за земјишна политика и подрачните единици на министерството, што го отежнува процесот на документирање на активностите и нивно евидентирање;
- Министерството нема донесено подзаконски акти со кои попрецизно ќе се регулира издавањето под закуп на државно земјоделско земјиште, односно нема тарифник за одредување на висината на надоместокот на закупнината по единица површина, а која ќе биде утврдена во зависност од бонитетот и катастарската култура на земјиштето, што негативно влијае на земјишната политика;
- Министерството нема увид врз наплатата на закупнина за користење на државното земјоделско земјиште. Средствата се уплаќаат на уплатна сметка во Министерството за финансии. Не постои координација помеѓу двете министерства, што има за ефект непостоење можност за превземање мерки против оние кои не плаќаат;
- Има појава на узурпација на земјоделско земјиште, односно продолжување со обработката на земјоделското земјиште дадено под закуп од една до пет години без продолжување на договорите или нивно трансформирање во долгорочни договори, што има за ефект неостварен приход во Буџетот на РМ;

- Има појава на доделување на земјоделско земјиште на правни субјекти кои се трансформирале во АД или ДОО и го искористиле законското правото на четири годишно ослободување од плаќање на закупнина и по истекот на овој период повторно се пререгистрирале и продолжиле да го користат веќе искористеното право, спротивно на законските прописи. Ваквата состојба има за ефект помалку уплатени средства во Буџетот на РМ;
- Министерството го користи правото да дава под закуп и градежно неизградено змјиште за земјоделски цели согласно Законот за земјоделско земјиште, што е во спротивност со членот 39 од Законот за градежно земјиште, кој пропишува дека на неизградено земјиште може да се основа право на краткотраен закуп за намени од времен карактер во функција на урбано живеење;
- Многу е честа појавата, министерството да не превзема мерки против закупците кои не ги исполнуваат обврските пропишани со договорот, со што покажува негрижа кон државното земјиште и неодговорност кон прибирањето на приходи во Буџетот на РМ;
- Ревизијата има обврска да истакне дека внатрешната ревизија во министерството извршила ревизија на регуларноста – законска усогласеност на процесот на доделување на државно земјоделско земјиште на долгорочен закуп во текот на 2006 година од страна на министерството и констатирала низа не регуларности во спроведување на целата постапка и тоа од формирање на паралелни Комисии за спроведување на иста постапка, до селективното и незаконско склучување на договори од министер кој во периодот на потпишувањето е веќе со верификуван мандат на пратеник во Собранието на РМ, спротивно на член 63 од Уставот на РМ и член 9 од Законот за пратеници.

Од изнесеното за состојбата во земјишната политика, непостоењето на база на податоци во министерството за евиденција за државното земјоделско земјиште како и неусогласеноста и лошата координација со подрачните единици, ревизијата не беше во можност целосно да ја согледа реалната состојба во оваа област.

11.3.3. За потребите на Министерството во 2002 година склучен е договор помеѓу Министерството за финансии и ЈП Македонски Пошти со кој се регулираат взаемните односи во врска со отварање на наменска сметка на Министерството за финансии во Поштенска банка А.Д. Скопје. Поштенска банка има склучено договор со ЈП Македонски пошти за исплата на субвенции на физички лица – индивидуални земјоделски производители, врз основа на списоци добиени од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Ревизијата констатира дека средствата кои од оправдани причини не се исплатени на крајните корисниците не се враќаат во Буџетот на РМ, поради пропусти во договорите кои не ја регулираат обврската на враќање на средствата и поради тоа што за потписник на сметката се уште е тогашниот министер за финансии. Ревизијата констатира дека на сметката на Поштенска банка АД, во текот на целата година во континуитет се јавуваат неискористени парични средства во висина над 30.000 илјади денари. Ваквото ангажирање на значителни државни средства во континуитет кај Поштенска банка АД, има за ефект нерационално користење на буџетски средства за сметка на подобрување на ликвидноста на банката.

11.3.4. Ревизијата има обврска да укаже дека состојбата со реализацијата на Програмата за зголемување на производството на храна во Р.Македонија

која се реализира како неповратна помош од јапонската влада, нема значително подобрување во однос на констатираните состојби во ревизорскиот извештај од 2004 година. Програмата се реализира од 1997 година преку пет проекти со вкупна вредност од 634.015 илјади денари со кои се опфатени 80 правни лица и над 250 индивидуални земјоделски производители, кои добиле земјоделска механизација со склучени договори за кредит. Корисниците на механизацијата средствата треба да ги уплаќаат во Компензациониот фонд, формиран од министерството со цел да се репласираат за развој на земјоделството. Процентот на наплата од корисниците на механизацијата е загрижувачки и изнесува 39,71%. Со увидот во документацијата ревизијата ги утврди следните состојби:

- Министерството нема евиденција на сегашната вредност на механизацијата, која до целосна отплата на кредитот е во сопственост на министерството;
- Министерството не превзело мерки за наплата на средствата по основ на дадени кредити ниту навреме ги активирало гаранциите од корисниците кои не ги исполнуваат обврските од договорот, со што нивната важност веќе е измината;
- Министерството продолжува да ги користи сметките надвор од трезорската сметка за што се утврдени и казнени одредби во Законот за буџетите. До април 2007 година на овие сметки се уплатени вкупно 251.782 илјади денари;
- Министерството воспоставило пракса наплатата на побарувањата по овој основ, да ја врши по пат на пребивање со средствата што ги бараат корисниците на механизацијата, за финансиска подршка, при што министерството врши директна уплата во банките во име и за сметка на должниците по основ на кредит. Вкупно уплатените средства од страна на министерството по пат на пребивање во 2006 година, изнесуваат 26.169 илјади денари. Ревизијата изразува сомневање во основот за пребивање и затварање на дел од побарувањата, поради нискиот степен на контрола во индивидуалниот сектор.

11.3.5. Ревизијата утврди дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на Одлука на Владата на РМ исплатило 43,992 илјади денари финасиска помош за причинети штети на земјоделски производители од невреме – град, што се случиле во јуни 2006 година во општините Босилево и Василево (Струмичко). Средствата се префрлени на сметката на Поштанска банка АД Скопје, на ден 28.12.2006 година.

До 31.12.2006 година од одобрените средства за оваа намена исплатени се на крајните корисници 2.157 илјади денари, а останатите средства останале на сметката на Поштанска банка АД до март 2007 година, поради утврдени нерегуларности во работењето на комисиите за проценка на штетите. Нерегуларностите произлегуваат од непочитувањето на Методологијата за проценка на штети и Законот за заштита и спасување, при проценката. Ревизијата, применувајќи алтернативни постапки во работењето го констатира следното:

- Одобрувани се и прифатени сите барања на индивидуални земјоделци, без да се изврши увид на терен за утврдување на реалноста и објективноста на барањето;
- Не постојат записници од работењето на општинските комисии овластени за утврдување на штетите;
- Не е извршена стручна контрола на проценетата штета од надлежна комисија за утврдување на реалноста на проценката;

- Државниот инспекторат за земјоделие кој се вклучил неколку месеци по невремето, а по интервенција на оштетените земјоделци, не бил во можност да ја оцени објективната состоба поради долгиот временски период кој ја променил состојбата на теренот, при што инспектирањето се свело само на административна контрола.

Од изнесените состојби ревизијата не можеше да се увери во реалноста на проценетата штета од страна на комисиите, ниту во објективната распределба на средствата по баратели на штети.

11.3.6. Со увид во начинот на реализација на Програмата за ревитализација на селата, ревизијата констатира дека не е постапено по препораките на ревизорскиот извештај за 2004 година и не е елиминиран субјективизмот, нетранспарентноста и нееднаквоста при распределбата на средствата од страна на одговорните лица во министерството. Програмата за ревитализација на селата има за цел да се подобрат условите за живеење во селата преку инвестирање од Буџетот на РМ за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување, изградба на фекална канализација и за изработка на техничка документација.
Наведената Програма во 2006 година е реализирана во вкупен износ од 14,964 илјади денари при што ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Иако со програмата се прецизирани критериумите за избор на проекти доставени од општините за намени утврдени со Програмата, не е извршено нивно бодирање за избор на најдобар проект, ниту одбиените општини се известени за причините за нивното одбивање. Распределбата на буџетските средства е вршена директно од страна на раководните лица на министерството ( министер, државен секретар) што може да има за ефект субјективизам при изборот на општините.
- Како резултат на големиот интерес за програмата пријавени се 94 апликации и истата се реализирала во 21 општина. Ревизијата констатира дека за прифатените проекти министерството во просек исплатувало од 200 - 700 илади денари по проект, а приоритет е даден на општина Липково на која се исплатени 36 % од вкупно предвидените средства за оваа намена или 5.500 илјади денари, без да се изврши увид од страна на одговорните лица во министерството за наменското трошење на средствата. Ваквиот селективен пристап на распределба може да има за ефект необјективна распределба на средствата и можност од злоупотреба.

11.3.7. Во Програмата за рурален развој, донесена од Владата на РМ, не се прецизирани критериуми за распределба на средства кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои аплицираат. Со Решение на министерот дополнително се утврдуваат посебните услови за исполнување на критериумите, кои не се објавени во Програмата и создаваат услови за нетранспарентен начин на нејзина реализација.

11.3.8. Ревизијата констатира дека Републичката ветеринарна инспекција не се придржува на законската обврска за воведување и користење на одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања на граничните премини за надоместокот што се наплаќа на при извоз, увоз и провоз на пратки, животни и производи, согласно Законот за регистрирање на готовински плаќања, што може да има за последица злоупотреба на готовината. Ревизијата констатира дека на некои гранични премини

дневниот пазар не се уплатува истиот ден или најкасно наредниот ден во трезорот туку истиот се задржува додека не се достигне одредена сума на средства што е спротивено на Законот за платен промет и овозможува времено финансирање на поединци, можност од злоупотреба на готовината која претставува приход на Буџетот.

**Препораки и мерки**:

1. Финансиската подршка кај тутунското производство да се врши во координација со откупувачите имајќи го предвид квалитетот на тутунот, а не квантитетот, почитувајќи ги притоа одредбите од Законот за тутун и тутунски производи;
2. Министерот да презeме соодветни мерки во поглед на правилно стопанисување на земјоделското земјиште со кое располага, почитувајќи ги одредбите од Законот за земјоделско земјиште и сите други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа област, со цел да се обезбеди транспарентност и јавност при доделување на земјоделско земјиште под закуп, воведување на соодветни евиденции заради следење на издадените и слободни површини на земјоделско земјиште како и активно вклучување на Државниот инспекторат за земјоделство за навремено спречување на незаконитостите;
3. Да се преиспита постојниот систем и начин на плаќање на индивидуалните производители што се врши преку Поштенска банка АД, со изнаоѓање на поефикасен систем на плаќање;
4. Да се превземат правни мерки за наплата на долговите од корисниците на земјоделска механизација врз основа на договорите за кредит од Јапонскиот грант и депонираните средства по овој основ од деловните банки да се префрлат во Народна банка и да се отвори посебна сметка во Трезорот при Министерството за финансии;
5. Контролите од страна на Државниот инспекторат за земјоделство да се вршат во периодот пред исплата на средствата предвидени со Програмата;
6. Министерот да обезбеди транспарентна распределба на средствата од Програмата за ревитализација на селата со почитување на утврдените критириуми и дефинирање на посебните услови како утврдени приоритети при одобрување на средства од Програмата, со што би се елиминирал субјективизмот, нетранспарентноста и нееднаквоста при распределбата на средствата;
7. Министерот при изготвувањето на Програмата за рурален развој да ги вклучи сите критериуми и услови кои треба да ги исполнат апликантите за да се овозможи нејзина транспарентност во јавноста;
8. Да се воведат фискални апарати на местата каде Ветеринарната управа наплаќа готовина.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

11.4.1. Комисијата за попис во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство не извршила попис на средствата и изворите на средства, согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и не ја усогласила сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис. Оваа состојба се повторува од минати години што е констатирано и со ревизорскиот извештајот од 2004 год. Во Министерството нема

задолжено лице за материјална евиденција на целокупната опрема на министерството и нејзините подрачни единици, што претставува причина за неусогласеноста на фактичката со сметководствената евиденција на средствата. Од изнесените состојби а и поради фактот што со години наназад не е вршено усогласување, ревизијата изразува сомневање во реалноста и објективноста на Материјалните средства и изворите на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2006 година.

**Препораки и мерки**:

1. Министерот да превземе мерки и активности годишниот попис на материјалните средства да се спроведува согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Да се изврши инвентарисување на сите средства, усогласување на фактичката со сметководствената состојба, да се евидентираат сите вишоци и кусоци и доколку има неевидентирани средства да се изврши проценка на нивната вредност.

### 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.5.1. Со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2006 година донесена на 5.12.2006 година, одобрени се средства за финансиска подршка за унапредување на пасиштата во износ од 1.000 илјада денари. Ревизијата утврди дека на 27.12.2006 година министерството со решение за пренамена исплатило дополнителни 5.000 илјади денари потпишувајќи со Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, договор за користење на средствата, со кој е регулирана намената на средствата за унапредување на пасиштата. Ревизијата применувајќи алтернативни постапки утврди дека средствата трансферирани од министерството се потрошени за плати и други надоместоци, спротвно на намените утврдена со Програмата и Договорот за користење на средствата што претставува ненаменско трошење на средства.

11.5.2. Ревизијата констатира дека во текот на 2006 годината во министерството се ангажирани 65 лица по договор за дело за тековни активности во функција на работењето на министерството за кои согласно актот за систематизација се ангажирани државни службеници. Исто така во министерството се ангажирани и лица кои имаат советодавни функции - советници, лица кои даваат стручна помош и преведувачи, за работни задачи кои не се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а за кои се исплаќаат надоместоци од 30-40 илјади денари месечно. По основ на договори за дело во 2006 година министерството незаконски исплатило средства во висина од 5.064 илјади денари.

11.5.3. Во 2006 година во министерството се формирани 23 комисии со 120 членови, за чие работење од двете сметки се исплатени 4.173 илјади денари. Во комисиите учествуваат 50 редовно вработени, вклучувајќи ги и лицата ангажирани по договор за дело, за кои се исплатени 2.150 илјади денари и 70 надворешни членови - експерти во соодветната област за кои се исплатени 2.023 илјади денари. Ревизијата, врз основа на детални аналитички постапки, утврди одредени слабости во работењето на комисиите и тоа:

- Дел од комисиите немаат основ за формирање во законите кои ја

регулираат дејноста на министерството, а во преамбулата на решенијата за исплата се повикуваат на Законот за организација и работа на органите на државната управа;

- Надоместоците за работа на комисиите главно се исплатуваат од средствата наменети за реализација на Програмите во кои не се планирани средства за надоместоци што има за ефект ненаменски потрошени средства ( од Програмата за рурален развој за оваа намена се исплатени 922 илјади денари);
- Во најголем број на случаи комисиите своите активности ги остваруваат во текот на работното време што за внатрешните членови (вработените) претставува редовна работна обврска за која ненаменски се потрошени државни средства;
- За работата на комисиите и утврдувањето на висината на надоместокот за внатрешните и надворешните членови министерството нема донесено интерен акт со утврдени критериуми;
- Воспоставената пракса за работа на комисиите има за ефект назаконско и ненаменско трошење на буџетски средства и субјективност во утврдувањето на висината на надоместокот, кој се движи од 6 -120 илјади денари;

11.5.4. Од сметките на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во периодот од 01.01.2006 година до 28.02.2007 година се исплатени 10.900 илјади денари врз основа извршни судски решенија. Одговорните лица во министерството не се информирани и немаат евиденција за судските предмети, поради што ревизијата не можеше да го утврди основот за наплата, како и можната одговорност на лицата кои непочитувајќи ги законските прописи го довеле министерството во состојба да биде тужена страна и да го изгуби спорот, што има за ефект непланиран одлив на државни средства за сметка на остварувањето на тековните активности утврдени со Буџетот на министерството.

**Препораки и мерки**:

1. Владата на Република Македонија да ја преиспита Одлуката за основање на јавни претпријатија кои не ги извршуваат активностите во областа на дејностите за кои се формирани, а кои се регулирани со посебни закони и создаваат расходи кои ги покрива Буџетот на РМ, како што е случајот со ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје.
   Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство да врши надзор над работењето на јавните претпријатија, што претставува обврска утврдена со Закон, да го утврди наменското трошење на средствата кои како финансиска подршка ги добиваат од министерството и да ја утврдат причината за неостварувањето на приходите од вршење на дејноста за која се основани.
2. Министерот да ја преиспита потребата од ангажирањата на надвореши лица по договор за дело и да превземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии доколку е потребно нивно редовно вработување со цел пополнување на упразнетите работните места во согласност со актот за систематизација.
3. Министерот да донесе Правилник за работата на комисиите кои ги формира согласно закон, а да ја преиспита оправданоста од формирање на комисии за извршување на тековни активности кои претставуват редовна работна обврска на постојните стручни служби во министерството. Да се утврдат

критериумите за висина на надоместокот за надворешните членови - експерти, а за внатрешните членови – вработени лица, чие ангажирање претставува редовна работна активност, надоместокот да се пресметува согласно Законот за државни службеници како додаток на плата кога државниот сужбеник работи подолго од полното рабоно време и тоа во висина од 30% по час од износот на оснвната плата и додатокот на плата за звање.

4. Одговорните лица на министерството во соработка со јавното правобранителство, да земат активно учество во случаи кога министерството е тужена странка во судските спорови, а со цел нивно позитивно решавање и намалување на средствата кои по овој основ се одлеваат од Буџет на РМ.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1; 10.3.3; 10.3.4; 10.3.5. и 10.4, од извештајот, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство - средства од Буџетот на РМ, на ден 31. Декември 2006 година и за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3; 10.4. и 10.5., кај Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство - средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година.**

14. Со ревизија на финансиските извештаи за 2006 година кај Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство - средства од Буџетот на РМ, ревизијата констатира дека не се превземени мерки по препораките на ревизијата во точките 11.1.,11.2.,11.3., и 11.4. и не се отстранети неправилностите констатирани со ревизорскиот извештај за 2004 година.

15. Не изразувајки резерва кон мислењето, ревизијата има обврска да обелодени дека преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во текот на изминатиот 8 годишен период се реализирал Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводувањето во РМ. Вкупната вредност на проектот до 2006 година изнесувала 33,55 милиони УСД а во годината која е предмет на ревизија 2006 преку сметката на министерството трансферирани се средства во вкупен износ од 131,900 илјади денари. За реализација на овој проект Буџетот на РМ учествувал со 25% во градежните работи и 100% во услугите за проектирање.
Проектот со своите активности започнал во февруари 1998 година со потпишување на договорите за кредит со Светска банка и грант од Холандската Влада и по својот обем и компонентите кои ги вклучува е прв од ваков вид проекти на Светска Банка во Република Македонија. За потребите на реформата во водостопанскиот систем и целосно реализирање на проектот биле затворени осум водостопански претпријатија кои имале големи долгови и за чие отплаќање Владата учествувала со буџетски средства. Постапка за ликвидација не е покрената уште кај други осум претпријатија од овој вид на дејност.
Проектот е завршен на 15 ноември а министерот на 17 ноември 2006 година согласно договорот со Светска банка, формирал Комисија за попис на целокупната финансиска, техничка и друга документација како и попис на канцелариската и друга опрема со која располага со цел затварање и завршување на проектот.

Изготвените извештаи од комисијата, ги нагласуваат следните состојби:

- Иако е направен попис на набавената опрема и возила од проектот во вкупна вредност од 593 илјади УСД истата до денот на ревизијата не е пренесена и евидентирана во сметководствената евиденција на министерството поради не доставени веродостојни потпишани пописни листи до одделението за сметководство;
- Голем дел од набавената опрема на проектот била дадена на времено користење на водостопанските претпријатија, водните заедници и на Проектната единица. За поголемиот дел од опремата имало записници од предавањето на времено користење но за дел на опремата и инвентарот комисијата не пронашла документиција за примопредавање, што дава можност за злоупотреба и кражба;
- Иако проектот завршил а истиот требало да ги реши проблемите со наводнувањето во РМ, останал проблемот со водостопанскиот имот кој не е утврден и кој не е кај водостопанските претпријатија туку истиот се наоѓа кај други субјекти што вршеле водостопанска дејност (агрокомбинати, земјоделски задруги) на кои во меѓувреме е извршена постапка на ликвидација;
- Непостоењето на катастар на земјиште и катастар на недвижности во Република Македонија, посебно во делот на инфраструктурата на водостопанството, ја отежнува состојбата околу утврдувањето на имотот кој е даден на користење и управување на водостопанските правни лица;
- Новоосnованите водостопански претпријатија и посебно Сојузите на водостопанските здруженија и Водните заедници немаат соодветни капацитети и средства, покрај вршењето на водостопанските дејности, да ги спроведат дејствијата и активностите за евидентирање и запишување на недвижностите во катастерот;
- Двете новоосновани водостопански претпријатија, Тиквеш и Брегалница како најголеми системи во Македонија во 2005 и 2006 година работеле на граница на рентабилност поради нецелосна опфатност на наводнетите површини (по ха и по култури) и не воведени казнени мерки за непријавување на површините со Законот за водни заедници. Како мерки за наплата тие ја прекинувале испораката на вода доколку не се плати и поднесувале барање за присилно извршување на решенијата. Кај водните заедници овие мерки не биле применети поради што е доведено во прашање нормалното функционирање и опстанокот на водостопанските претпријатија кои се финансираат и зависат од редовната наплата на овој приход. Кај Водостопанство Брегалница се јавува проблем и околку управувањето и одржувањето на 4 брани кои се објекти од широк јавен интерес а за чие тековно одржување не е обезбеден начин на финансирање;
- Освен кај водостопанските претпријатија и кај водните заедници како нови правни субјекти кои управуваат со инфраструктурата во изминатите две години не се во целост прифатени и применети процедурите за работа (начинот и постапката за испораката на вода, одржување на објекти, фактурирање на услугата и сл.). Кај водните заедници одржувањето на инфраструктурата била речиси сосема занемарена поради тоа што со остварените приходи се покривале трошоци за услуги извршени од ангажирани лица, а не и за одржување на вградената опрема што претставува услов за нејзино долгорочно опстојување. Во последните две години била забележена голема недисциплината од страна на граѓаните кон поставената хидромеханичка и мерна опрема бидејќи се појавиле кражби и штети на хидранти, пумпни станици и друго со што е загрозено наводнувањето. Оваа состојба е алармантна и се однесува и за останатите системи во Р.Македонија поради што надзорот и казнените одредби над водостопанствата, водните заедници и сојузи треба да се прецизираат со законски решенија;

- За разлика од источниот дел на Републиката во спроведувањето на структурните реформи во водостопанството на подрачјето на Западна Македонија ХМС Полог - Тетово и Гостивар со проектот не било предвидено да се формираат водостопанства како организациона форма согласно законот, туку водостопанските дејности треба ги вршат водните заедници и сојузите на водни заедници што е некомпатибилно со источниот дел од Републиката и треба да претставува посебен дел на перцепција на кој дополнително треба да се обрне внимание.

Ревизијата изразува сомневање во објективноста и независноста на утврдените состојби во извештајот за консултантски услуги со оглед на фактот дека исти лица учествувале и раководеле со проектот (судир на интереси ) и е спротивно на Законот за спречување на корупцијата. Во изготвениот Извештај од комисијата за консултантски услуги не е даден критички осврт на начинот на реализација и успешноста од трошењето на овие средства, како што е кај останатите извештаи, туку истите се хронолошки презентирани и набројани. Во успешна реализацијата на овој проект учествувале голем број на домашни и странски консултантски и ревизорски куќи, странски и домашни експерти и биле реализирани студиски патувања за што од холандскиот грант биле искористени вкупно 3,3 милиони УСД или 159.947.илјади денари, од македонското учество (Буџетот на РМ) за проектирање и надзор биле искористени 0.8 милиони УСД или 50.757 илјади денари или вкупно од двата извори на средства, за консултантски услуги се исплатени 4,1 милиони УСД или 210.704 илјади денари. Во интерес на утврдување на ефективноста на искористените средства од Проектот, Владата на РМ заедно со МЗШВ, во најкраток можен рок да преземе соодветни активности и мерки за преоценување на резултати во севкупниот систем на наводнувањето со користење на природните ресурси, изградената инфраструктура и кадровскиот потенцијал од оваа област.
Владата на РМ и МЗШВ да обрнат посебно внимание на одржувањето на овој систем, законски да го утврдат начинот на контрола и надзор на работата кај корисниците на капиталните и други изградени инфраструктурни објекти, бидејќи истите преставуваат основа на функционирањето на земјоделството во Република Македонија.

**Скопје, 18.05. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 2.141.451 | 1.399.746 |
| **Вкупно приходи** | **2.141.451** | **1.399.746** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| . | 153.766 | 140.306 |
| Резерви и недефинирани расходи | 44.067 | 15.711 |
| Стоки и услуги | 33.694 | 35.092 |
| Каматни плаќања | 3.323 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 1.356.789 | 660.848 |
| Социјални бенефиции | 700 | 2.450 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.592.339** | **854.407** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 549.112 | 545.339 |
| **Вкупно капитални расходи** | **549.112** | **545.339** |
| **Вкупно расходи** | **2.141.451** | **1.399.746** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 389 | 174 |
| Активни временски разграничувања | 50.080 | 141.003 |
| **Вкупно тековни средства** | **50.469** | **141.177** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 47.829 | 46.558 |
| **Вкупно постојани средства** | **47.829** | **46.558** |
| **Вкупна актива** | **98.298** | **187.735** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 37.296 | 129.834 |
| Обврски спрема државата и други институции | 48 | 14 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12.805 | 11.329 |
| Пасивни временски разграничувања | 320 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **50.469** | **141.177** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 47.829 | 46.558 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **47.829** | **46.558** |
| **Вкупна пасива** | **98.298** | **187.735** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **46.558** | **-** | **46.558** |
| **Зголемување по основ на:** | **11.977** | **-** | **11.977** |
| Набавки | 500 | | **500** |
| Донации | 11.051 | | **11.051** |
| Возила | 304 | | **304** |
| Пренос на средства од 631 | 122 | | **122** |
| **Намалување по основ на:** | **10.706** | **-** | **10.706** |
| Амортизација | 10.706 | | **10.706** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **47.829** | **-** | **47.829** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1105-186/19***
***25.07.2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на сметката од Буџетот на РМ за 2006 година број 1104-186/8 од 08.06.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на наодите во точките 11.3.5; 11.5.1; 11.5.2; 11.5.3; и 11.5.4; од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на сметката од Буџетот на РМ за 2006 година од г-дин Ацо Спасеноски, министер, не се прифаќа.

2. Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на ѕметката од Буџетот на РМ за 2006 година број 1104-186/8 од 08.06.2007 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

Приговорот на наодот од точката 11.3.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на нерегуларности во спроведувањето на Одлука на Владата при исплата на финасиска помош за причинети штети на земјоделски производители од невреме – град, што се случиле во јуни 2006 година, не се прифаќа, поради тоа што не се доставени дополнителни докази кои ќе го променат мислењето на ревизорот и ќе го уверат во реалноста и објективноста на проценетите штети и дека средствата се објективно распределени по барателите на штета. Ревизорскиот наод базира на деталeн аналитички пристап и применети алтернативни постапки при утврдувањето на наменското и законско користење на средствата одобрени за оваа намена.

Неправилностите утврдени во списоците кои се основ за исплата на штетите произлегуваат од непочитувањето на Методологијата за проценка на штети и Законот за заштита и спасување при проценката од страна на општинските комисии. Вклучувањето на Државниот инспекторат за земјоделие неколку месеци подоцна помогнал во отстранување на одредени пропусти (двојно пријавување, натпишани површини и сл) со извршена корекција на доставените списоци, но објективно од таа временска дистанца не бил во можност да ја потврди реалноста и објективноста на проценетата штета, поради што и мислењето на ревизорот останува непроменето.

Приговорот на наодот во точка 11.5.1., од Конечниот извештај, со кој се пренесува одговорноста на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје за ненаменски потрошените средства во износ од 5.000 илјади денари, не се прифаќа, од причина што министерството со допис бр.03–190 од 20.12.2006 година било информирано од ЈП за стопанисување со пасиштата за лошата финансиска положба и потребата од пренамена на средствата за плати, придонеси од плати, паушали на членовите на Управниот одбор и свесно ја зголемило вредноста на Програмата за унапредување на пасиштата со дополнителни 5.000 илјади денари, за намени кои не се предвидени со Програмата и Договорот за користење на средствата потпишан помеѓу министерството и Јавното претпријатие. Образложението на министерството дека овој наод не се однесува на нив, ревизијата го одбива како неосновано.

Приговорот на наодот во точка 11.5.2., од Конечниот извештај, кој се однесува на незаконски потрошени средства за 65 ангажирани лица по договор за дело и покрај образложението на министерството дека се работи за системски нерешен проблем, не се прифаќа, од причина што лицата се ангажираат за тековни активности на министерството со обновување на договорите во подолг период, што е спротивно на Законот за облигациони односи.

Приговорот на наодот во точка 11.5.3., од Конечниот извештај, а кој се однесува на формирани 23 Комисии со 120 членови за чие работење се исплатени 4.173 илјади денари и образложението на министерството дека основот за нивно формирање е во Законот за организација и работа на органите на државната управа (член 49 и 55), не се прифаќа, од причини што основот за формирање на комисии во Министерството е во законските прописи кои се однесуваат на основната дејност на министерството, односно формирањето на комисии е регулирано со посебени закони.
Министерот формирал шест комисии согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа со што незаконски и ненаменски исплатил средства предвидени за материјални трошоци за спроведување на Програмата за рурален развој (Сл.весник бр.120/05). Министерот во 2004 година донел деловник за работа согласно кој комисиите за својата работа водат записник, а министерот ја утврдува висината на надоместокот. Од увидот во дел од записниците ревизијата констатира дека комисиите состаноците ги одржуваат претежно во текот на работното време што за внатрешните членови претставува редовна работна обврска, а висината на надоместокот и за внатрешните и за надворешните членови министерот ја утврдува во решенијата за исплата без постоење на критериуми предвидени со интерен акт на министерството. Ова има за последица субјективност и нереалност во утврдувањето на висината на надоместокот и назаконска и ненаменска исплата на буџетски средства. Дополнително приложениот Правилник кој со приговорот и беше доставен на ревизијата е донесен на 20.07.2007 година, по извршувањето на ревизијата и не може да влијае на состојбата утврдена со ревизијата за 2006 година.

Приговорот на наодот во точка 11.5.4., од Конечниот извештај, а кој се однесува на наплатени средства од сметките на министерството по основ на извршни судски

решенија. не се прифаќа, бидејќи даденото образложение во контекст на недоволен кадровски капацитет и голем обем на работа што доведува до грешки кои можат да предизвикаат судски спор, не го ослободува министерството од одговорноста за свој придонес во заштита на државните средства преку позитивно разрешување на судските спорови.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 25.07.2007 година**

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**